Република Северна Македонија
Државен инспекторат за
локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati shtetëror për
Vetëqeverisje lokale

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА ПЕРИОДОТ месец јули – месец декември, 2022 година

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 01-36/1 | Afrim Qoku<br>[име и презиме] |
| Датум: | 24.01.2023 | Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје (м.п.) | [потпис] |

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен инспекторат за локална самоуправа-Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale
2
Скопје-Shkup

## Резиме

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (Сл. Весник на РСМ бр.238/19), Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа го носи шестмесечниот извештај за работа на ДИЛС кој го доставува до Инспекцискиот Совет на мислење во хартиена и електронска форма.

Инспекторатот своите активности во периодот од изминатите 6 (шест) месеци ( јули – декември 2022 година), ги реализира со вкупно тројца инспектори. Вкупно се извршени 618 (шестотини и осумнаесет) инспекциски надзор, од кои 576 ( петстотини седумдесет и шест) редовни надзори, 42 (четириесет и два) вонредени инспекциски назор и 0 (нула) контролни надзори и во ова полугодие беа откриени вкупно 2 (две) неправилности. Надзорите беа реализирани од страна на 3 (тројца) Државни инспектори за локална самоуправа, од вкупно 3 (тројца). За успешна и навремена реализација на активностите во смисла на вршење на инспекцискиот надзор, тие беа постојани и континуирани и за тоа се грижеа Директорот и Инспекторите. Во реализација на надзорите за изминатите шест месеци учествуваа еден Виш инспектор-Раководител на одделение за инспекциски надзор и двајца Помлади инспектори.

Државниот инспекторат за локална самоуправа своите надзори ги насочи во поглед на законитоста на донесените прописи и постапка за нивно донесување од страна на советот на општините, како и постапување од страна на инспекторатот по поднесени претставки и мислења. Редовните надзори, инспекторите ги извршуваа на работното место во просториите на Државниот инспекторат за локална самоуправа, по претходно доставени службени гласници од општините, а вонредните и контролните надзори се извршуваа на терен, во просториите на единиците на локалната самоуправа (општините).

Други активности кои може да ги опфатиме со овој извештај се секако пристигнатите претставки, мислења, насоки и одговори до физички или правни лица во врска со конкретни предмети, за кои тие се засегнати, а од страна на инспекторите се процесуирани во законски предвидениот рок.

Во изминатото полугодие, акцентот беше ставен на почитување на роковите за доставување на службените гласници до Државниот инспекторат за локална самоуправа и во случај на недоставување во законскиот рок, инспекторите постапуваа со предупредување да се почитува законскиот рок и службените гласници да се доставуваат до инспекторатот во рок од 10 дена, од денот на нивното објавување после секоја одржана седница на советот на општината.

При вршење на инспекциските надзори, од страна на Градоначалниците или претставниците на општините се обезбедуваа потребните услови за вршење на надзорот, ги ставаа на увид и располагање потребните прописи, записниците од седниците на советот на општината, евиденцијата за присуство на седниците на членовите на советот или други исправи.

Може да се заклучи дека, генерално, состојбата во сите општини е уредна и вообичаена, со тоа што во периодот од јули – декември 2022 година година, не е донесено ниту едно Решение за запирање на примена на пропис, што е една од надлежностите на Државниот инспекторат за локална самоуправа, согласно член 23 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 187/13, 43/14 и 64/18).

Со сумирање на овој извештај, на кратко ќе дадеме осврт на сите поглавја и тоа:

- Анализа на ризици – Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор донесе Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори со архивски број 03-521/1 од 04.08.2020 година со помош на консултант доделен од Инспекциски совет.

- Во поглавјето Организација и раководење согласно член 11 и член 12 од Закон за Државниот инспекторат за локална самоуправа со Инспекторатот раководи Директорот, кој го именува и разрешува Влада на Република Северна Македонија за време. Внатрешната организација на инспекторатот, во согласност со закон ја утврдува Директорот на инспекторатот со актите за внатрешна организација на инспекторатот.

- Инспекцискиот надзор се одвиваше според планираните месечни планови и во координација со субјектите на надзор.

- Во текот на извештајниот период во полугодието од (01.07-31.12.2022 година) Државниот инспекторат за локална самоуправа немаше реализирано обуки и стручни оспособувања на инспектори согласно член 16 точка 10 од Закон за инспекциски надзор.

- Буџет и финансирање во поглавјето е приложена табела со податоците од второто полугодие за 2022 година.

Инспекторатот има својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

- Во делот на меѓународна соработка Државниот инспекторат за локална самоуправа нема остварено соработки во изминатиот период од 01.07.2022 година до 31.12.2022 година.

- Како други активности ќе ги наведеме секојдневните барања и информации од јавен карактер, укажувања и слично. Сите информации кои се од интерес за јавноста се транспарентни и објавени на веб страната на Државниот инспекторат за локална самоуправа. Исто така ќе напомeнеме дека на веб страната на Државниот инспекторат за локална самоуправа, е дадена можност за поднесување онлајн – претставка, како би можеле странките поефикасно и поефективно да го остварат своето право.

Инспекцискиот надзор се одвиваше според планираните месечните планови, во случај на поднесени претставки надзорите се извршуваа на терен во наведените општини, се разгледуваше целокупната документација, законитоста на донесените прописи и нивната постапка во конкретниот предмет поднесен со претставката. Инспекторите при вршење надзори се водеа исклучиво од начелата на законитост и супсидијарност, транспарентност, јавност и отчетност, еднаквост, непристрасност и објективност, самостојност, независност и превенција.

Очекувањата при вршењето на вонредни надзори беа дека општините постапуваат по законски предвидениот рок за доставување на службените гласници и целокупната постапка при донесување на прописите на совет на општините согласно законите, уставот и подзаконските акти.

**Управување со ризици**

Државниот инспекторат за локална самоуправа во своето работење за периодот од јули до декември 2022 година година се соочува со следните типови на ризици:

-незаконско носење на одлуки на законските прописи на општината, кои што може да нанесат штета на разни категории на засегнати страни;

-ризик од ненавремено доставување на службени гласници;

-неквалифициран кадар на администрацијата во општините кои со својата работа можат да нанесат штета.

Проценката на очекуваната состојба од областа на инспекциски надзор од аспект на незаконското носење на одлуки на законските прописи на општината и ризик од ненавремено доставување на службени гласници се базираше пред сѐ на претходното искуство од контролирање на субјектите. При увидот во службените гласници се врши надзор над применување на законите, врз основа на одлуките кои се донесени и дали се истите во согласност со законите.

Државниот инспекторат за локална самоуправа овие ризици ги надминува така што врши редовен увид во работата на општините преку службените гласници кои пристигнуваат во седиштето на инспекторатот, како и вонреден увид во работата доколку се воочи некоја неправилност. Врз основа на издадените опомени до општините кои прават неправилности, инспекторатот се справува со ризиците и ја намалува опасноста.

## Организација и раководење

Државниот инспекторат за локална самоуправа во ова полугодие немаше нови вработувања и пензионирања на инспектори. Овие податоци се прикажани подолу во Табела.2.

Бројот на инспектори кои ги вршеа надзорите во полугодието беа реализирани од вкупно 3 (тројца) Државни инспектори за локална самоуправа, од кои еден Виш инспектор-Раководител на одделение за инспекциски надзор и двајца Помлади инспектори (прикажани во Табела.1).

Во Одделението за инспекциски надзор, Сектор за надзор на прописите на источниот, југоисточниот, североисточниот и вардарски плански регион надлежни се двајца инспектори и надзорите за тие плански региони се реализирани и сумирани во вкупната бројка на извршени надзори, додека во Одделението за инспекциски надзор, Сектор за надзор на прописите на скопски, полошки, западниот, југозападниот и пелагониски плански регион надзорите се реализираат од еден инспектор – Виш инспектор за локална самоуправа.

И покрај недостатокот на инспектори, инспекторите успеваа навреме да ги завршат сите активности, да ги вршат надзорите во законски определниот рок и да одговораат на сите претставки, одговори и мислења.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-3 вање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б3 – пом. главен инспектор** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | 1 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| **В1 – советник инспектор** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В2 – самостоен инспектор** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В4 – помлад инспектор** | 1 | | 1 | | | **2** | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | **2** |
| **Вкупно** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **3** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **3** |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б3 – пом. глав. инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В1 – советник инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В2 – самостоен инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В4 – помлад инспектор** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## Инспекциски надзор

Во делот инспекциски надзор се прикажани податоците за реализација на годишниот и месечните планови за инспекциски надзори. Табеларно се прикажани во Табела.3 сите реализирани редовни и вонредни инспекциски надзори по општините чие што работење е во надлежност на ДИЛС.

Државниот инспекторат за локална самоуправа надзорите ќе ги насочи во поглед на законитоста на донесените прописите и постапката за нивно донесување од страна на советот на општините, надлежност на инспекторатот е и да постапува по поднесени претставки и мислења. Редовните надзори инспекторите ги извршуваат на работното место во просториите на Државниот инспекторат за локална самоуправа, по претходно доставени службените гласници од општините, а вонредните и контролните надзори се извршуваат на терен во просториите на единиците на локалната самоуправа (општините).

Акцент ќе се стави на почитување на роковите за доставување на службените гласници до Државниот инспекторат за локална самоуправа, во случај на недоставување во законскиот рок, инспекторите постапуваат со предупредување да се почитува законскиот рок и службените гласници да се доставуваат до инспекторатот во рок од 10 (десет) дена, од денот на нивното објавување по секоја одржана седница на советот на општината.

Во случај на поднесени претставки, надзорите се извршуваат на терен во наведените општини, се разгледува целокупната документација, законитоста на донесените прописи и нивната постапка во конкретниот предмет поднесен со претставката.

Во однос на поднесени претставки не можеме да утврдиме конкретни општини за надзор, бидејќи секојдневно се поднесуваат претставки од физички и правни лица, од таа причина не се знае конкретно кога ќе се изврши вонреден инспекциски надзор во општините. Како и во досегашната пракса се очекува дека најчести недостатоци ќе бидат ненавремено доставување на службените гласници на општините до Државниот инспекторат за локална самоуправа во законски предвидениот рок.

Очекувањата при вршење на вонредни надзори се дека општините постапуваат по законски предвидениот рок за доставување на службените гласници и целокупната постапка при донесување на прописите на совет на општините е согласно законите, уставот и подзаконските акти.

Во текот на изминатите шест месеци во 2022 година, инспекторите ги реализираа следните инспекциски надзори по региони и тоа:

- Вардарски регион - 77 редовени надзори, 6 вонредни надзори и 0 контролни.

- Источен регион – 75 редовени надзори, 6 вонредни надзори и 0 контролен надзор.

- Југозападен регион – 60 редовни надзори, 7 вонредни надзори и 0 контролни.

- Југоисточен регион – 87 редовени надзори, 6 вонредни надзори и 0 контролни.

- Пелагониски регион – 72 редовни надзори, 2 вонредни надзори и 0 контролни

- Полошки регион – 56 редовни надзори, 5 вонредни надзори и 0 контролни

- Североисточен регион – 40 редовни надзори, 2 вонредни надзори и 0 контролни

- Скопски регион – 109 редовни надзори, 8 вонредни надзори и 0 контролни надзори

Изминатиот период се откриени 2 неправилности и по доставениот допис до субјектот на надзор, истите се остранети. Во одредени субјекти на надзор, неправилностите се утврдени при редовен надзор, односно недоставување на службените гласници во законскиот рок согласно Закон за локална самоуправа.

**Бидејќи, не можеме да знаеме колку седници ќе одржат општините во текот на месецот и кога ќе се достават службените гласници до надлежниот инспекторат, а месечниот план е веќе пратен до Инспекциски совет, од таа причина редовните надзори се во поголем број од планираните.**

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **77** | **6** | **0** | **83** | **0** |
| 1 | Велес | 12 | 1 | 0 | 13 | 0 |
| 2 | Градско | 7 | 1 | 0 | 8 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 6 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 8 | 0 | 0 | 8 | 0 |
| 5 | Лозово | 9 | 1 | 0 | 10 | 0 |
| 6 | Неготино | 14 | 1 | 0 | 15 | 0 |
| 7 | Росоман | 7 | 0 | 0 | 7 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 7 | 1 | 0 | 8 | 0 |
| 9 | Чашка | 7 | 1 | 0 | 8 | 0 |
| | **Источен регион** | **75** | **6** | **0** | **81** | **0** |
| 10 | Берово | 8 | 1 | 0 | 9 | 0 |
| 11 | Виница | 6 | 1 | 0 | 7 | 0 |
| 12 | Делчево | 11 | 1 | 0 | 12 | 0 |
| 13 | Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | 6 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| 15 | Кочани | 9 | 0 | 0 | 9 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| 17 | Пехчево | 4 | 1 | 0 | 5 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 8 | 0 | 0 | 8 | 0 |
| 19 | Чешиново | 8 | 2 | 0 | 10 | 0 |
| 20 | Штип | 10 | 0 | 0 | 10 | 0 |
| | **Југозападен регион** | **60** | **7** | **0** | **67** | **0** |
| 21 | Вевчани | 6 | 1 | 0 | 7 | 0 |
| 22 | Дебар | 10 | 1 | 0 | 11 | 0 |
| 23 | Дебарца | 7 | 0 | 0 | 7 | 0 |
| 24 | Кичево | 6 | 1 | 0 | 7 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Македонски Брод | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| 26 | Охрид | 10 | 0 | 0 | **10** | **0** |
| 27 | Пласница | 5 | 1 | 0 | **6** | **0** |
| 28 | Струга | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| 29 | Центар Жупа | 4 | 1 | 0 | **5** | **0** |
| | **Југоисточен регион** | **87** | **6** | **0** | **93** | **1** |
| 30 | Богданци | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 31 | Босилово | 7 | 1 | 0 | **8** | **0** |
| 32 | Валандово | 7 | 1 | 0 | **8** | **0** |
| 33 | Василево | 8 | 1 | 0 | **9** | **0** |
| 34 | Гевгелија | 10 | 1 | 0 | **11** | **0** |
| 35 | Дојран | 11 | 0 | 0 | **11** | **0** |
| 36 | Конче | 8 | 0 | 0 | **8** | **0** |
| 37 | Ново Село | 7 | 1 | 0 | **8** | **0** |
| 38 | Радовиш | 10 | 0 | 0 | **10** | **1** |
| 39 | Струмица | 12 | 1 | 0 | **13** | **0** |
| | **Пелагониски регион** | **72** | **2** | **0** | **74** | **0** |
| 40 | Битола | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| 41 | Демир Хисар | 9 | 0 | 0 | **9** | **0** |
| 42 | Долнени | 5 | 0 | 0 | **5** | **0** |
| 43 | Кривогаштани | 9 | 0 | 0 | **9** | **0** |
| 44 | Крушево | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 45 | Могила | 11 | 0 | 0 | **11** | **0** |
| 46 | Новаци | 9 | 0 | 0 | **9** | **0** |
| 47 | Прилеп | 7 | 1 | 0 | **8** | **0** |
| 48 | Ресен | 9 | 0 | 0 | **9** | **0** |
| | **Полошки регион** | **56** | **5** | **0** | **61** | **0** |
| 49 | Боговиње | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| 50 | Бревеница | 8 | 1 | 0 | **9** | **0** |
| 51 | Врапчиште | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 52 | Гостивар | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 53 | Желино | 5 | 0 | 0 | **5** | **0** |
| 54 | Јегуновце | 6 | 0 | 0 | **6** | **0** |
| 55 | Маврово и Ростуша | 7 | 1 | 0 | **8** | **0** |

Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje Lokale i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Бул. Гоце Делчев бр.18 кат 12, 1000 Скопје
Bul. Goce Delcev Nr. 18, kati 12, 1000 Shkup

Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Теарце | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| 57 | Тетово | 10 | 1 | 0 | **11** | **0** |
| | **Североисточен регион** | **40** | **2** | **0** | **42** | **1** |
| 58 | Кратово | 5 | 0 | 0 | **5** | **0** |
| 59 | Крива Паланка | 8 | 1 | 0 | **9** | **1** |
| 60 | Куманово | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 61 | Липково | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| 62 | Ранковце | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 63 | Старо Нагоричане | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| | **Скопски регион** | **109** | **8** | **0** | **117** | **0** |
| 64 | Аеродром | 8 | 0 | 0 | **8** | **0** |
| 65 | Арачиново | 3 | 0 | 0 | **3** | **0** |
| 66 | Бутел | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| 67 | Гази Баба | 8 | 1 | 0 | **9** | **0** |
| 68 | Ѓорче Петров | 8 | 0 | 0 | **8** | **0** |
| 69 | Зелениково | 10 | 1 | 0 | **11** | **0** |
| 70 | Илинден | 6 | 0 | 0 | **6** | **0** |
| 71 | Карпош | 13 | 3 | 0 | **16** | **0** |
| 72 | Кисела Вода | 8 | 0 | 0 | **8** | **0** |
| 73 | Петровец | 7 | 1 | 0 | **8** | **0** |
| 74 | Сарај | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 75 | Сопиште | 6 | 0 | 0 | **6** | **0** |
| 76 | Студеничани | 2 | 1 | 0 | **3** | **0** |
| 77 | Центар | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 78 | Чаир | 6 | 0 | 0 | **6** | **0** |
| 79 | Чучер-Сандево | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| 81 | Град Скопје | 6 | 1 | 0 | **7** | **0** |
| | **ВКУПНО** | **576** | **42** | **0** | **618** | **2** |

### Обука на инспекторите и административните службеници

Во претходните 6 (шест) месеци инспекторите и административните службеници од Инспекторатот за локална самоуправа не учествуваа на ниту една обука.

### Буџет и финансирање

Согласно член 4 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), е орган на Државната управа со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка, како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработувања согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос на вработените во Инспекторатот.

Инспекторатот има својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

| Сите расходи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поставка | | Буџет | План | Реализирано | Разлика | Остаток |
| 401 | Основни плати | 0 | 1.710,205.00 | 1.702,971.00 | 7,234,00 | -1,702,971.00 |
| 402 | Придонеси за социјално | 0 | 662,978.00 | 662,978.00 | 0.00 | -662,978.00 |
| 404 | | 0 | 54,000.00 | 54,000.00 | 0.00 | -54,000.00 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | -15,000.00 | 33,000.00 | -48,000.00 | -33,000.00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 0 | 440,000.00 | 241,311.00 | 198.689.00 | -241,311.00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 25,000.00 | 62,097.00 | -37,097.00 | -62,097.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 140,000.00 | 140,211.00 | -211.00 | -140,211.00 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 655,000.00 | 535,795.00 | 119,205.00 | -535,795.00 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 37,000.00 | 64,574.00 | -27,574.00 | -64,574 |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 30,000.00 | 70,000.00 | -40,000.00 | -70,000.00 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | -10,000.00 | 4,270.00 | -14,270.00 | -4,270.00 |
| | | 0 | 3.729.183.00 | 3.571.207.00 | 157.976.00 | -3,571,207.00 |

## Меѓународна соработка

Државниот инспекторат за локална самоуправа во ова полугодие нема склучено договор за ниту една меѓународна соработка.

## Други активности на инспекциската служба

Согласно законската обврска на ДИЛС за транспарентност во работењето, редовно и транспарентно ги објавува сите информации од јавен карактер кои ја засегаат јавноста и сите соработници на својата веб страница, која воедно служи и за објавување на сите информации и новости за работењето на инспекторатот.

Државниот инспекторат за локална самоуправа има добра соработка со сите државни институции(МЛС,МФ,МИОА,ИС и сл.) со кои соработува и ги врши своите надлежности.

## Заклучоци и препораки

Согласно зацртаните цели и планови, Државниот инспекторат за локална самоуправа не беше во можност да ги оствари во целост, имајќи го во предвид малиот број на инспектори. Токму затоа бројот на вонредни инспекциски надзори е во мал број.

Една од препораките е да се обезбедат нови вработувања на инспектори и административни службеници во Државниот инспекторат за локална самоуправа со

што ќе се подобри ефективноста и да се постигне целта односно да се обезбеди поефикасен, поефективен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и унапредување на нивната законитост.

Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен. Со оглед на тоа во изминатиот период не е одржана ниту една обука за усовршување на инспекторите да се земе во предвид дека истото е обврска согласно закон и во иднина да се реализираат повеќе обуки, работилници и сл., каде инспекторите ќе бидат вклучени во обуки кои се реализираат преку министерства, влада, ОБСЕ и други институции.

ДИЛС не може да ја предвиди и наведе вкупната бројка на вонредни и редовни надзори на почеток на месецот, бидејќи во инспекторатот секојдневно пристигнуваат претставки и службени гласници кои се предмет на редовен и вонреден надзор.

Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje Lokale i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бул. Гоце Делчев бр.18 кат 12, 1000 Скопје
Bul. Goce Delcev Nr. 18, kati 12, 1000 Shkup
Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk